**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА**

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02 - 329/14
24.04.2018 година
Битола

Врз основа на член 63 став 1 алинеа 7, 133 и 134 од Законот за високото образование и член 56 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Реферат на Рецензионата комисија, објавен во Универзитетскиот билтен бр. 440 од 02.04.2018 година, за избор на наставник од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21208 - Мултимедиски системи и мрежи за испорака на содржини, 20800 - Припрема за печатење и ДТП (Desktop Publishing), на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола и доц. д-р Зоран Котевски се избира во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21208 - Мултимедиски системи и мрежи за испорака на содржини, 20800 - Припрема за печатење и ДТП (Desktop Publishing) **за време од 5 години**.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по завршувањето на претходниот избор, односно од **25.06.2018 година**.

*Образложение*:

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 06.12.2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21208 - Мултимедиски системи и мрежи за испорака на содржини, 20800 - Припрема за печатење и ДТП (Desktop Publishing), се пријави еден кандидат, д-р Зоран Котевски.

Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-785/7 од 19.12.2017 година, поднесе Реферат за кандидатот кој е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 440 од 02.04.2018 година. Во Рефератот се предлага, кандидатот д-р Зоран Котевски да се избере во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21208 - Мултимедиски системи и мрежи за испорака на содржини, 20800 - Припрема за печатење и ДТП (Desktop Publishing).

На објавениот Реферат немаше приговор и Наставно-научниот совет по истекување на законски предвидениот рок од 15 дена од објавувањето на Рефератот во универзитетскиот билтен и на веб страната на универзитетот, односно на самостојната високообразовна установа, одржа седница на која го разгледа Рефератот на Рецензионата комисија, по што утврди дека се исполнети условите да се изврши избор на предложениот кандидат.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И
КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Земајќи го во предвид горенаведеното Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Наставно-научен совет**
**Декан,**
**Ред. проф.д-р. Игор Неделковски**

Подготвил/Проверил: м-р Илче Димовски

ДН:- д-р Зоран Котевски
- архива
- работно досие
- сметководство